број 8 | 2018

roma index




# ИНТЕРВЈУ СО МИЛА ЦАРОВСКА:



## „Младите Роми ќе го добијат своето место на пазарот на трудот“

Рома Индекс е електронски весник на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со образованието, младите, ромскиот идентитети актуелни теми и проблеми со кои се соочува општеството. Да информираме за успешни личности, но и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.

За издавачот:
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:
Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски офицер
Фикрија Таир, Проектен координатор
Ален Умер, Проектен асистент

Контакт:
Адреса: „11 октомври“ бр.8/1-2, 1000 Скопје
Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.мк

# НОВИНАРСКИ ТИМ:



Одговорен уредник за Рома Индекс бр.8
ЕЛСОН ИЉАЗ, студент на Бизнис Администрација, УГД



ИДРИЗ ДУРМИШ, студент на Природно-математички факултет, УКИМ



АЛМИРА ФАСЉИИ студент на Правен факултет, УКИМ



ХУРИЈА МУКАИПОВСКА, студент на Правен факултет, УКИМ



СУНАИ САБРИОСКИ, новинар Ромаверзитас Алумни

# ИНФО

*автори: Алмира Фасљии и Хурија Мукаиповска*

### Менторството - можност за реализирање на личните, академските и кариерните цели на студентите

Вкупно 17 студенти во  прва година – бруцоши се вклучени во овогодинешното менторство во организација на Здружението на граѓани „Ромаверзитас“. Од јануари до мај 2018 година, 12 ментори ќе работат со овие студенти...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Туторска поддршка за секој студент

Секој студент што има потреба од академска помош и поддршка за одреден наставен предмет може да побара туторска поддршка од Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“. Постапката е едноставна – се поднесува барање најмалку еден месец пред одржување на првиот туторски час.
Во организацијата постои база на...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Студентите учеа за комуникациските вештини

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ организираше еднодневна работилница на тема „Комуникациски вештини“ за студентите – корисници на оваа организација. Работилницата се одржа на 02 декември годинава од страна...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Студенти на едукација за работа со компјутери

Вкупно 21 студент во Скопје, Битола и Куманово посетуваа курс по компјутери. Тие успешно го завршија курсот и се здобија со сертификати за програмите на Microsoft Office, односно Microsoft Word, Excel и Power Point...

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ИНТЕРВЈУ

*автор: Сунаи Сабриоски*

### Интервју со Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика

Дали Македонија го искористи  доволно потенцијалот и можноста од претходната декада за подобрување на ситуацијата со Ромите? Врабтувањето на Ромите најголем проблем по нивното дипломирање – кои и какви мерки ќе бидат преземени за решавање на ова горливо прашање за вклучување на младите Роми на пазарот на Труд? Како да се подобри ситуацијата со вработување на Ромите во приватниот бизнис сектор? На овие теми и многу повеќе ексклузивно за Рома Индекс одговара министерката за труд и социјална политика Мила Царовска.

ЛИНК КОН ИНТЕРВЈУТО

# ВИДЕО ПРИЛОГ

*автор: Сунаи Сабриоски*

### Студентите  бараат ромскиот јазик да се изучува во сите сфери на образованието

Ромскиот јазик да стане дел од наставните програми во сите сфери на образованието, да се создадат услови за продуцирање ромски кадар и стручна литература бараат младите студенти и дел од ромските активисти. Бараат ветувањата кои беа дадени пред и по формирањето од новата Влада да ги исполни дадените ветувања. Дали и зошто има потреба од изучување на ромскиот јазик многу повеќе во тематскиот прилог на Рома Индекс.

ЛИНК КОН ВИДЕО ПРИЛОГОТ

# РОМСКИ АВТОРИ

*автор: Елсон Иљаз*

**Многу автори творат на ромски јазик. Иако ромската литература е релативно млада, постои само осум децении, ја создаваат многу дејци на „различни“ јазици и дијалекти, користејќи различни системи за пишување.**

Создаваат на различни јазици затоа што живеат во многу различни земји, но сепак, опсегот на теми кои што ги обработуваат, може да се каже, е прилично хомоген: честопати се доведува во прашање местото на единствената личност помеѓу ромското и не-ромското општество, како и местото на Ромите во денешните општества воопшто. Секогаш е присутно прашањето за "Романипе" или што значи да се биде Ром. Ромската литература е исклучително разновидна и е обликувана од различните политички, социјални и културни услови во кои живеат Ромите.

Иако сè уште е млада, ромската литература создала многу извонредни автори. Матео Максимоф, Алија „Али" Красниќи, Лакатос, Роналд Ли и други се добро познати по своите романи, иако не се ограничени само на овој литературен жанр. Бронислава Вајз, Мариела Мехр, Јован Николиќ создаваат поезија, а Илона Лачкова и Иван Ром - Лебедев пишуваа драма.

Ромската историографија е иницирана од Иан Хенкок, а Рајко Ѓуриќ се фокусира на книжевната историја за да ги именува само двајцата највлијателни научници. Матео Максимоф и Валдемар Калинин ја преведоа Библијата на Ромски јазик, а Мухарем Сербезовски го превел Куранот на Ромски јазик.

Делата на Пушкин биле преведени на ромски јазик од страна на Николај Панков, Виктор Шаповал ги превел Шекспировите сонети и античката „Рамајана" на Лекса Мануш Валмики.

Многу Роми учествуваат во тековниот процес на либерализација на оралната ромска култура со запишување приказни, песни, приказни и тоа само за нивна сопствена употреба. Тесно поврзано со тоа, жанрот на автобиографијата се продлабочува во изминатите 20 години и дава резултати од висок литературен квалитет како книгите на Филомена Франц или Сеија Стојка.

Невозможно е во оваа рубрика да ги опфатиме сите дела на ромските писатели од целиот свет. Затоа што се многу и пишуват на различни јазици.

**Во овој број на Рома Индекс ќе обврнеме внимание на неколку автори од Република Македонија.**



## 1 ШАИП ЈУСУФ

Автор на првата Ромска граматика напишана во 1980 година. Исто така, друго значајно дело се вбројува “Amen sijam e Titoskere, o Tito si amaro” (Ние сме Титови, Тито е наш).

## 2 Д-Р ЉАТИФ ДЕМИР



Заслужува посебно внимание. Станува збор за автор и коавтор, на повеќе дела, како и писател на поглавја во повеќе книги. Авторски книги на Демир се „9 детски приказни“, „Махаатма“, „Ромите во Македонската литература“, „Музика и филм“, „Стари ромски приказни“, „E Roma (Ромите)“, илустрираниот Речник „Ајде да научиме Ромски“, Кратка историја на Ромите и Граматика на Ромскиот јазик (2010 година) и уште многу други дела – сите поврзани со ромскиот народ.



## 3 ЕКРЕМ ЈАШАРОВ

Писател на делата "Срекниот сребрен клуч" и "На вечниот сопатник".

## 4 Д-Р ТРАЈКО ПЕТРОВСКИ



Автор на повеќе дела, меѓукои познато дело е "Ромскиот Јазик и култура".



## 5 СЕВДИЈА ДЕМИРОВА АБДУЛОВА

автор на делата "Лавиринтите на душата" и "Мојот прв буквар". Севдија е познат новинар, а во меѓувреме е и советник на претседателот на Република Македонија.

„Мојот прв буквар"/ Mo avgo lil šabdakoncar е сликовница наменета за децата од предучилишна и рана училишна возраст, којашто е на дофат на сите возрасти, бидејќи преку неа секој може да се запознае со ромската абецеда и со ромскиот јазик.

Идејата за изработка на сликовницата е плод на заеднички размислувања со Здружението за развој на ромската заедница „Сумнал", којашто е и издавач на делото.

Во земјава има малку стручна литература од оваа област и токму затоа еден интерактивен материјал може да се користи во факултативната настава по ромски јазик.

Воедно, претставува и мултикултурен мост преку кој децата од другите етнички заедници ќе можат да се запознаат со ромскиот јазик и подобро да ги разберат своите ромски другарчиња.

Издавањето на сликовницата е плод на мојата дводецениска работа во областа на ромската лингвистика и претставува подлога за понатамошни надополнувања во оваа област со цел ромскиот јазик да го добие заслуженото место во блиска иднина како дел од училишната курикула во основното образование",

**Изјава на Севдија Демирова Абдулова за Рома Индекс.**

# РОМИТЕ ПОТЕКНУВААТ ОД ИНДИЈА?!

*автор: Идриз Дурмиш*

**Ромите се стар народ кои немаат своја држава, но ги има и живеат во различни делови во светот. Бројот на ромски жители, само во Европа, се проценува на околу 12 милиони лица. Вкупниот број Роми во светот се претпоставува дека изнесува околу 20 милиони. Поради тоа што Ромите немаат своја држава, а се широко распространети низ светот, се поставува прашањето од каде потекнуваат, односно која е нивната матична држава?**

Според одредени анализи базирани на културните карактеристики, јазикот и традицијата, докажано е дека Ромите потекнуваат од Индија. Ромите имаат одредени слични празници како и Индијците, со слични имиња и практикувања, а и ромскиот јазик има голем број идентични зборови и изреки кои, сé уште се користат во индискиот јазик. Ова се силни докази од општествен, социолошки и јазичен аспект за поврзаноста на двата народи. Меѓутоа, потребни се и биолошки докази базирани на генетска анализа кои ќе докажат од каде потекнуваат Ромите.

Постојат неколку научни трудови кои го докажуваат генетското потекло на Ромите од Индија. Во научниот труд "Origins, admixture and founder lineages in European Roma" ("Потекло, примеси и лоза на основачи на европските Роми)" од Begona Martinez-Cruz, Izabel Mendizabal и нивните соработници, објавен на 16 септември 2015 на интернет страницата на научното списание "Nature", анализирани се 753 геноми (комплетен сет на гени) на Роми и 984 геноми на не-Роми од Европа.

Анализите покажаа дека ромските примероци имаат пониска генетска разновидност (како резултат на немешање на ромскиот генетски базен) во споредба со не-ромските примероци. Поради генетскиот дрифт, кај ромската популација се зголемени варијациите (промени во генетската структура) кои, исто така, се присутни во индиската популација, а се ретки кај останатите популации.

Како еден од главните докази, Ромите имаат висока фреквенција на H-M69 Y-хромозом (кај машки индивидуи) и митохондијална DNA M5, M8, M25 и M35 хаплогрупи кои се чести кај индиската популација. Како дополнителен доказ кај Ромите се најдени ретки мутации (кои предизвикуваат болести), а истите се присутни и кај населението во Индија и Пакистан.

Според анализите на овој труд објавен во "Nature", Ромите мигрирале од Индија пред околу 1000 години. Тие поминале низ тогашна Персија, Ерменија, Турција и стигнале до Балканскиот Полуостров. Во 15-от век некои ромски групи мигрирале од Балканот кон целиот европски континент.

Одредена група, позната како „Влакс" Роми, мигрирале по течението на реката Дунав и ги населиле просторите на денешните држави Романија, Молдавија и дел од Унгарија, каде што биле заробени од веќе домородното население и долг временски период останале под ропство.

**Друга група балкански Роми, позната како "Ромунгро", мигрирале во Австро-унгарската империја и биле цел за асимилација од страна на Австро-унгарците. Останатите групи мигрирале во западните и централните делови на Европа, а дел од нив останале на Балканскиот Полуостров.**



Според друг научен труд насловен како “Refining the South Asian Origin of the Romani people” (“Редефинирање на Јужно-азиското потекло на Ромите”) од Bela I. Melegh, Zsolt Banfai, Kinga Hadzsiev и Attila Miseta објавен на 31 август 2017 на www.bmcgenet.biomedcentral.com, Ромите имаат идентични DNA делови (секвенци) со Северно-индиски етнички заедници локализирани во Пунџаб, Раџастан и Гуџарат.

Најдени се и помали идентични DNA секвенци кај Ромите и некои етнички заедници во Пакистан и тоа: Балохи, Брахуи, Калаш, Макрани, Паштун и други.

Благодарение на генетиката, утврдено и потврдено е индиското потекло на Ромите. Иако Ромите ја напуштија Индија пред околу 1000 години, во нив, сé уште се присутни индиските гени, а во нивните вени тече стара индиска крв.

**Како што е познато во науката, посебно во биологијата, последниот збор го дава генетиката, односно DNA молекулата. Што претставува DNA и како таа може да поседува одговори на тешки прашања, како на пример, потеклото на Ромите?**

DNA е молекула која ја има во сите клетки на живите организми и е носител на информации за самата индивидуа. Македонската азбука содржи 31 буква, англиската содржи 26 букви, додека азбуката на DNA содржи само 4 букви и тоа: A, T, G и C.

Специфичниот редослед на овие 4 букви во DNA ги одредува сите гени (информации за синтеза на протеини) на една индивидуа.





# АЛУМНИ СТОРИЈА

*автор: Ипек Усаинова*

**Се сеќавам уште во предучилишното образование на чудните погледи, потешкото прифаќање од соучениците и постојаната борба за промена на мислењето и сфаќањето на моите соученици за тоа како изгледа еден Ром. Уште од најмала возраст, се борев да докажам и покажам дека сите се еднакви, дека никој не треба да биде отфрлен само затоа што е различен од останатите, тоа го правев секој ден и тоа уште од самото излегување од мојот дом. Не беше лесно, но беше успешно. Оваа „борба“ ме следи и денес, но сега е појака и поголема, сега е со многу поголеми резултати и многу поголема видливост. Мојот активизам и работа со ромското прашање започна уште во основното образование, а поактивно се посветив на тоа прашање додека бев во средно.**

И во основното и во средното образование се соочував со честа потреба за докажување дека Ромите се поразлични од онаа слика што моите сооученици ја имаа за Ромите, а тоа успешно го правев. Моите школски успеси, одличните оценки кои ги добивав на тестовите и во дневниците, цврсто потврдија дека и учениците Роми можат да бидат еднакви меѓу еднаквите, па некогаш дури и најдобри. И да, морам да признаам дека навистина беше убаво чувството кога бев во првите редови со моите соученици кои беа наградени за најдобри ученици во основно, па и во средно и кога беше прозвано и моето име и презиме - различно од останатите, но гордо станав да ја примам наградата во сала полна со родители, наставници и мои соученици.

Невладиниот сектор беше дел од моето секојдневие уште додека учев во средно, а човековите и малцинските права беше областа која најмногу ме исполнуваше и безрезервно се посветив на обуки, семинари, и школи за човекови права. Она што цело време размислував е дека и Ромите мора да имаат квалитетен и образован кадар кој ќе ги застапува и ќе се бори за подобра идина и за остварување на нивните права, но и дека клучниот начин за промена на состојбата на Ромите е преку системите, институциите на државата и преку политиката во нашата земја.

Ова размислување беше поттик да се запишам на државниот универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје на Правниот факултет – политички науки. Напорно, но уште поинтересно беше да се живее во студентски дом, да делиш соба со уште 3 девојчиња, да учиш во старата и преполна читална во Стив Наумов и да делиш храна и книги со студентите во зградата. Скопје беше нова средина за мене и потешко ми беше да се снаоѓам, но за среќа, тука беше Ромаверзитас. Ромаверзитас ми даваше сигурност, поддршка и патоказ во текот на моето студирање.

Секојдневно запознавав нови луѓе, студенти, дипломирани, другари и пријатели. Ромаверзитас ми помогна да ги зајакнам моите капацитети, вештини и знаења преку разни академски обуки и тренинзи, курсеви по компјутери и јазици, развивање на студентски иницијативи и проекти, користење на бесплатна литература, лични совети, итн. Ромаверзитас беше мое секојдневие и сметам дека поддршката од Ромаверзитас има сериозен придонес за моето дипломирање. Знам дека тоа е место што му е потребно на секој студент.

**И да, во текот на моите студии сфатив дека студиите сами по себе не ми нудат некое големо знаење, искуство и пракса, за мое разочарување сфатив дека студиската програма во која студирав - Политички науки и реалната политика имаат многу малку взаемни точки. Затоа, уште од прва година од моите студии паралелно работев на неформално зајакување на моите вештини и капацитети и во Ромаверзитас и на многи други национални програми.**

Искуството и праксата покажаа дека сепак Невладиниот сектор остава доволно простор за независно работење, можност за креирање на проекти и активности за конкретните проблеми и потреби на заедницата, како и

директно влијание за креирање на јавните политики во државата кои го засегаат ромското прашање. Затоа, уште при крајот на моите студии, се насочив во Невладиниот сектор и активно и посветено работев за промена и подобрување на состојбата на Ромите во Македонија.

**Со уште неколку студенти и дипломирани Роми - сертифицирани тренери, основавме наше здружение и работиме фокусирано, посветено и успешно за создавање инклузивно општество. После моето дипломирање започнав со работа во институцијата на Народниот правобранител и веќе 7 години работам во институцијата за заштита на правата на граѓаните во Р.Македонија, во институцијата која храбро и силно се бори и промовира еднаквост и заштита за сите.**

Имав можност да бидам дел од многу меѓународни конференции и да посетам и разменам искуства со иституциите за заштита на човекови права во Шпанија, Франција, Шведска, Австрија, Холандија, Норвешка, Србија и Хрватска. Сето тоа го збогати моето искуство, квалитет и ја зајакна мојата мотивација како Ромка храбро и посветено да се борам за правата на граѓаните во Р.Македонија, а особено за правата и потребите на мојата заедница. Сега сум студент на постдипломски студии на менаџмент на човечки ресурси, работам во институцијата на Народниот правобранител и активно и посветено делувам во граѓанскиот сектор.

Денеска можам да кажам дека ромската заедница располага со доста квалитетни и успешни дипломирани и студенти Роми и сведок сум за многу такви успешни примери. Она што е потребно е истите да се поддржат, зајакнат, фокусираат и да се насочат правилно, а верувам дека Ромаверзитас тоа успешно може да го направи.

Се надевам дека во иднина во нашата држава ќе се создаваат услови кои интелектуалците Роми треба умешно да ги искористат и цврсто да застанат на политичката сцена и со кавлитетни кадри да и дадат друг правец на ромската политика. Треба да креираат политики кои темелно, етапно и системски ќе ги решава проблемите на оваа заедница и навистина ќе овозможи и Ромите да бидат еднакви со еднаквите.





# КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

*автор: Елвис Шаќири*

**Интеграцијата на Роми 2020 е проект кој е имплементиран во рамките на Советот за регионална соработка (СРС). Истиот се базира на постигнувањата на иницијативата Декада на Ромите 2005-2015 и е во согласност со рамката на ЕУ за национални стратегии за интеграција на Ромите и пристапот во ЕУ. Оваа иницијатива во рамките на СРС е на регионално ниво и ги опфаќа државите на Западен Балкан и Турција. Европската Комисија инспирирана од Декадата за вклучување на Ромите во текот на 2011та година ја усвои Европската рамка за национална стратегија за Ромите до 2020та година. Рамката ги повикува земјите членки да подготват или да ги ревидираат националните стратегии за интеграција на Роми кои ефикасно ќе се справат со предизвиците во четирите приоритетни области.**

Секоја земја-членка основала национална контакт-точка која треба да има надлежност и капацитет за координирање на развојот, спроведувањето и следењето на Националната стратегија за интеграција на Ромите. Националните контактни точки формираат мрежа и редовно се среќаваат во Брисел. Националните контактни точки се финансиски поддржани од ЕУ за да ги воспостават таканаречените национални платформи како консултативен механизам во формулирањето, спроведувањето и следењето на политиките, со што ќе се обезбеди учество на Ромите во процесот на креирање јавни политики. Денес во Република Македонија прашањето на вклучување на Ромите во општеството е таргетирано низ Стратегијата за Роми 2014-2020 и Интеграција на Ромите 2020 во рамки на СРС. Министерството за труд и социјална политика по поминувањето на важноста на Стратегијата за Роми донесена 2005 година ја изработи Стратегијата за Роми 2014-2020.

Како документ Стратегијата за Роми 2014-2020 е дел од јавните политики во Република Македонија и со неа државата се стреми кон целосна интеграција на ромската заедница во општеството. По донесување на новата Стратегија за Роми 2014-2020 некоја нова позначајна јавна политика која што ќе допринесе кон подобро и побрзо решавање на проблемите на ромската заедница во државата сеуште нема. Сите јавни политики насочени кон Роми се произлезени од претходната иницијатива Декада 2005-2015та година.

Но сепак најавите на новата Влада се дека поголем број на проблеми со кои Ромите се соочуваа досега ќе се решат. Такви се и најавите во делот на домување, имено во изминатите неколку години Владата одвојуваше по 10 милиони денари во буџетот на државата. За 2018-та година буџетот е двојно зголемен и истиот изнесува 20 милиони денари.

На конференцијата одржана во Тирана во месец ноември 2017 за пополнување на буџетските недостатоци во политиките за интеграција на Ромите, која ја организираше Акциониот тим на проектот „Интеграција на Ромите 2020“ на Советот за регионална соработка каде беа присутни претставници на држави, донатори и НВО секторот, министерката Мила Царовска напомена дека државата се соочува со големи предизвици и обиди со цел да се поврзат приоритетите со праксата.

**Исто така напомена дека станбеното згрижување е најголем проблем во македонската економија. Министерката најави дека државата работи на одговорно буџетирање за Роми. Дополнително потенцираше дека соработката помеѓу институциите и невладиниот сектор е многу слаба и ќе се обидат со ИПА2 да ја зајакнат истата.**

На локално ниво состојбата во однос на усвојувањето на локалните акциони планови стагнира особено поради политичката криза и парламентарните и локални избори. До Јули 2017 локални акциони планови биле усвоени

само во општините: Берово, Прилеп, Виница, Делчево и Чаир, додека за другите општини сеуште нема информации.

**Во меѓувреме на седницата одржана на 20.12.2017та усвоена е Информацијата за распределба на средства од Буџетот на РМ за 2017 година, од Министерство за транспорт и врски на Потпрограмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите со цел за распределба на средства за комунални инфраструктурни проекти во општините Кочани, Битола и Прилеп.**

Како што беше напоменато на почетокот од овој текст државите треба да доставуваат годишни извештаи за прогресот кој што го постигнува државата. За жал во изминатиот период Владата е критикувана поради недоставување на националниот извештај за прогресот направен од Стратегијата за 2016та година.

Тука би сакал да напоменам дека сите држави од Западен Балкан имаат доставено извештаи, освен Република Македонија. Дополнителна негативна забелешка е дека Националното Координативно Тело (НКТ) подолго време не е во функција, и како последица на нефункционирањето на ова тело нема кој да ги подготвува релевантните извештаи но исто така нема кој да врши мониторинг и евалуација на проекти и програми.

Неодамнешната смена на Министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата ќе предизвика дополнителен застој во делот на имплементација и мониторинг.

Имајќи во предвид дека оваа позиција е контактна точка, а чести се промените особено во изминатите две години, се создава процес на неконзистентност во работата и сето тоа негативно се одразува врз имплементацијата на Стратегијата.





# ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИ ВО СЕОПФАТНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

**автор: Мартина Илиевска,** *Програмска координаторка, Програма за истражување и креирање младински и образовни политики, Младински образовен форум.*

**Еднаквите можности за сите граѓани во Република Македонија се загарантирани во Уставот и правната рамка која произлегува од него, согласно на меѓународното право и меѓународните конвенции. Република Македонија има повеќе стратешки документи, но во поглед на образованието на Ромите клучни се: Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, Националната стратегија за Ромите, Националната програма за развој на образованието и Сеопфатната стратегија за образование.**

Кога станува збор за вклученост на Ромите во образовниот процес, мора да се напоменат факторите кои влијаат на нивната вклученост. Сериозен проблем кој е во колизија со легислативата и правата на децата, е појавата на малолетничкиот труд. Голем дел од децата не влегуваат во образовниот процес или го напуштаат токму затоа што се приморани да заработуваат и да придонесуваат финансиски во домот. Дополнително, сè уште е присутна појавата на малолетнички бракови, која го инхибира образованието на младите. Во поглед на родовите разлики и етничката припадност, најголема е дискрепанцата токму кај ромската популација. Од 46,4% ученички меѓу сите ученици-Роми колку што имало во учебната 1997/98 година, уделот на ученичките-Ромки во учебната 2007/08 година паѓа на 35,9%. Всушност, загрижува појавата на значително помалата бројка на женски од машки ученици.[1]

Години наназад се промовира мултикултурниот карактер на образованието, а сепак анализите покажуваат дека Ромите се често изоставени во учебниците, наставата не е мултикултурно поставена, и не се посветува внимание на Ромите како на составен дел од историјата и културата на Македонија, а наставниците немаат доволно развиени компетенции за практикување на инклузивно образование. Парцијалното претставување на културите и традициите на етничките заедници во Република Македонија придонесува до сегрегација на учениците.

Сеопфатната стратегија за образование 2018-2025 дава посебен акцент на инклузија и интеграцијата на учениците во самата визија на стратегијата: „Сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“, со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент“.

Самата стратегија издвојува посебни приоритети за инклузија и интеретничка интеграција во основното и средното образование, со посебен акцент на инклузијата на ученици со посебни потреби, интеграција на ученици кои ја следат наставата на различен јазик и воспоставување на модел за завршување на образованието на учениците од воспитно-поправните домови. Единствена мерка за подобрувањето на меѓуетничката интеграција на учениците од основно и средно образование кои слушаат настава на различен јазик, стратегијата предложува вклучување на училишта во кои наставата се одржува на еден јазик во заеднички воннаставни активности со училишта во кои наставата се одржува на друг јазик.

Во однос на интеграција на Ромите во образовниот систем, Стратегијата за сеопфатно образование издвојува две јасни визии и цели за интеграција на Ромите во предучилишно, основно и средно образование а тоа се „запишување на деца на релевантната возраст, без оглед на нивното потекло и компетенции, особено на оние од маргинализираните групи (на пр. децата Роми) и осигурување дека ќе завршат основно образование“ и



[1] Анализа на образованието на Ромите, достапно на: http://soros.org.mk/dokumenti/analiza-na-obrazovanieto-na-romite.pdf

„обезбедување на стипендии и туторство за учениците Роми во средните училишта; стипендии за учениците со посебни образовни потреби; бесплатен превоз и други средства за поддршка“. Овие визии и цели не се поткрепени со конкретни мерки во акцискиот план или во приоритетните и исходите во областа Основно образование (општо образование).

Самата стратегија потенцира на неколку места дека е мал бројот на Роми кои се дел од образовниот процес, дека е забележано недоволно ниво на интеграција и мултикултурализам, особено кога се работи за учениците Роми и за учениците со посебни образовни потреби, и дека во мерењето на стапката на неписменост не се вклучени учениците (главно Роми) што не се воопшто регистрирани во системот (без матичен број) поради што и актуелната стапка на опфат за соодветниот возрасен кохорт е помала.

Покрај нотирањето на проблемите се посочуваат повеќе активности и проекти на институции и организации кои директно се насочени кон унапредување на образованието на Ромите, сепак самата стратегија не нуди посебни мерки и/или афирмативни акции за поголема вклученост и задржување на Ромите во образовниот систем.

Важно е да се напомене дека во поглед на подобрување на состојбата со образованието на Ромите, но и во други сфери на општественото живеење, носечки документ претставува Стратегијата за Ромите во Република Македонија, усвоена за прв пат во 2005 година. Моментално е во важност Стратегијата за Ромите во Република македонија 2014- 2020. Документот ги вклучува целите во областа и на образованието, вклучувајќи еднаков квалитет на знаење и образование помеѓу децата-Роми и не-Роми, зголемување на нивото на формално образование кај младите Роми, како и кај возрасните кои се наоѓаат надвор од формалниот образовен систем, градење на професионални и општествени способности и отстранување на причините за неписменост.

Главната стратешка определба на овој документ е: „да се подигне нивото на образование на ромската заедница“. Покрај посебната стратегија за образование на Ромите, потребно е дополнително внесување на мерки и во Сеопфатната стратегија за образование за поголема интеграција и инклузија на Ромите во образовниот систем. Низа мерки и приоритети треба да се внесат во Сеопфатната стратегија за образование со цел стимулирање на Роми да се вклучуваат и да се задржат во образовниот процес на сите нивоа, како и квалитетно образование за Ромите.

Сепак голем дел од проблемите мора да се потенцира дека се системски, и внесување на приоритети во стратегија или пак во акциски план не ги намалува проблемите. Како приоритети треба да се внесат стимулирање на Роми да се вклучуваат во образовниот процес на сите нивоа како и квалитетно образование за Ромите; обезбедување на пристап до образование на деца кои немаат документи за идентификација; сензибилизирање и јакнење на капацитетите на наставниците за инклузивна образовна практика, за ефикасна работа со деца од ранливи категории, со цел да им овозможат на децата да ги остварат максимумите на своите

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕОПФАТНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ЗА 2016-2020 ГОДИНА**

**и Акциски план**

потенцијали; како и квалитетна реализација на наставните програми по предметот Јазик и култура на Ромите, како фактор за спојување на културите.

Јасно е дека има низок опфат на деца Роми во сите степени на образование, но не смеат да се игнорираат причините за нивното исклучување од образованието како што се немањето на документи, живеење во голема сиромаштија, недоволно познавање на македонскиот јазик како јазик на настава кое доведува до нееднаков почеток и неподготвен влез (на дел од) ромските деца.

Токму нееднаквиот почеток на ромските деца, мора да биде анулиран преку дополнителни мерки креирани од различните институции во Република Македонија, како и дополнително стимулирање за започнување и останување во образовниот систем. Обезбедување на пристап до образование на деца кои немаат документи за идентификација, е круцијален проблем кој е под надлежност на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи, кои што треба да соработуваат за ова прашање.

Дополнително треба да се направи стимулирањето од страна на Министерството за образование и наука на Роми да завршуваат на Педагошкиот факултет, тоа ќе го зголеми бројот на наставници од ромска националност за кои има реална потреба.  Соработка на институциите и внатрешно на службите во училиштата е потребна за детектирање и превенција на ризикот за прекин на образованието на учениците заради привремени внатрешни и/или надворешни миграции (преселба заради сезонска работа, случаи на лажно азиланство) или заради рани бракови. Потребни се низа на обуки креирани од Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика за сензибилизирање и јакнење на капацитетите на наставниците за инклузивна образовна практика, за ефикасна работа со деца од ранливи категории, со цел да им овозможат на децата да ги остварат максимумите на своите потенцијали.

**Потребно е креирање систем за поддршка на децата со ниски постигнувања за да се задржат во училиште и да им се помогне соодветно да напредуваат, како и креирање на систем за повторно враќање во образовниот систем и соодветно приспособување. Тоа подразбира и поголема крос-институционална соработка за детектирање на факторите кои негативно влијаат на нискиот процент на Роми кои се во образовниот процес и заедничко изнаоѓање на мерки и активности за промена на состојбата.**



Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на ФООМ премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

## Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

## Цели на проектот „Ромаверзитас - со поддршка и развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“:

Да се зголеми вклученоста и квалитетот во вклучувањето на матурантите Роми на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија;

Да се поддржат студентите Роми на додипломски студии во одржливоста на нивните студии, нивниот премин во следен семестар, нивните академски постигнувања и нивното навремено дипломирање;

Да се поддржи личниот и професионалениот развој на студентите Роми на додипломски и постдипломски студии, и РОМАВЕРЗИТАС Алумни;

Да се потикне и поддржи формирање на мрежа на млади Роми, како и нивно учество и активизам во сферата на високото образование;

Да се потикне и поддржи зајанувањето на ромскиот идентитет на корисниците на проектот.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот, се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.
© Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС Македонија, 2018